**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Регулаторна Комисија за Домување**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**Komisioni Rregullator për Banim**

**Наш број:** Уп.08-07
**Дата:** 09.04.2024 г

До „Д И П ТУРИЗАМ" ДОО увоз-извоз
Куманово
Ул."Бошко Буха" бр.26/14
1300 Куманово

**Предмет:** Известување

Почитувани,

Регулаторната комисијата за домување, на својата редовна седница одржана на 09-04-2024 година, донесе Решение за одземање на лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.Уп.08-12/3 од 06-04-2022 година, на правниот субјект „Д И П ТУРИЗАМ" ДОО увоз-извоз Куманово, со ЕМБС 7546629 со седиште на ул."Бошко Буха" бр.26/14, Куманово. Лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.Уп.08-12/3 од 06-04-2022 година, се одзема бидејќи правниот субјект, условите за поседување на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради од член 10 став 4 точка 2 од Законот за домување, не ги исполнува. Регулаторната комисија за домување Ве известува дека правното лице Лиценцата издадена на име на субјект „Д И П ТУРИЗАМ" ДОО увоз-извоз Куманово, да ја врати во рок од осум дена од денот на правосилност на решението. Во прилог на овој допис Ви доставуваме Решение за одземање на лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени на згради бр.Уп.08-12/3 од 06-04-2022 година, на правниот субјект „Д И П ТУРИЗАМ" ДОО увоз-извоз Куманово, со ЕМБС 7546629 со седиште на ул."Бошко Буха" бр.26/14, Куманово.

Фирмата „Д И П ТУРИЗАМ" ДОО увоз-извоз Куманово, да постапи согласно член 21 став 2 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018 и ("Службен весник на РСМ" бр.302/2020) бидејќи доколку на управителот му е одземена лиценцата за вршење на дејности за управување со станбена зграда согласно членот 10 од законот за домување, истото претставува основ за еднострано раскинување на договорот за вршење на управувачки услуги и истиот е должен да ги исполни обврските согласно членот 30 од овој закон. Исто така до Регулаторна комисија за домување да достави доказ за секој објект за подмирени обврски а согласно член 30 од Законот за домување, односно управителот е должен да изготви завршен извештај за своето работење кој содржи и детален финансиски извештај, на денот на престанување на договорот за вршење на управувачки услуги. Средствата евидентирани на сметката на денот на престанување на договорот управителот е должен да ги пренесе на сметката за резервен фонд, што за станбената зграда ја отворил новиот управител во рок од осум дена. По престанување на договорот за вршење на управувачки услуги управителот е должен да му ги достави на новиот управител сите договори, дозволи и другите исправи што се однесуваат на управување со станбената зграда и да ги извести сите обезбедувачи и изведувачи кои извршуваат набавка, односно вршат услуги за станбената зграда.

Со почит,

Претседател
М-р Зоран Маџовски

Република Северна Македонија • Regulatorna komisija za domuvanje - Komisioni Rregullator për Banim • Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: Јасмина Петреска